DOI 10.24249/2309-9917-2025-74-6-62-67

В. Мойсова-Чепишевская (Скопье, Республика С. Македония)

Пусть изучение македонского языка будет интересным и доступным для всех детей[1]

Аннотация: В статье рассматриваются два проекта: «Моя первая библиотека» Деспины Мукоской и «Орфография для детей» Кристины Дукоской, которые способствуют обучению и поощряют чтение на македонском языке.

Педагогически грамотно разработанная методика «Моя первая библиотека» Деспины Мукоской облегчает сам процесс освоения чтения. Предлагаемые книги (31, столько же, сколько букв в македонском алфавите) помогут ребенку научиться читать самостоятельно рассказы из книг, связанных с каждой из 31 буквы, узнавать картинки, – читать то, что ему прежде читал кто-то другой. Так, играя, он учит буквы и осваивает чтение, и начинает получать удовольствие от самого процесса чтения, создает свою первую библиотеку.

«Орфография для детей» Кристины Дукоской – это больше, чем образовательная платформа. Она рассматривает «Правописание для детей» как пространство (физическое и виртуальное), где дети знакомятся с правилами языка, играя, читая рассказы и взаимодействуя друг с другом. Ее цель – подобрать материал, придумать такую форму занятий, которая сделает изучение орфографии, грамматики и языковой культуры естественным, радостным и осмысленным процессом. Движимая любовью к родному языку, уважением к культурному наследию и верой в потенциал каждого ребенка, Дукоская создает контент, который учит умению владеть языком с раннего возраста.

Ключевые слова: моя первая библиотека, чтение, правописание для детей, овладение языком

[1] Овој труд е проширена верзија од текстот што беше презентиран на Меѓународната научна конференција одржана по повод големиот јубилеј 50 години македонистика на Московскиот универзитет Ломоносов (Международной научной конференции «Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте», посвященной 50-летию македонистики в МГУ, 14 октября 2025 года). Тој е и честитка и вистински прилог кон одбележувањето на овој јубилеј, но и благодарност до професорите Рина Усикова, Ала Шешкен и Елена Верижникова, како и до сите македонски лектори испратени од Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот «Св. Кирил и Методиј» во Скопје (МСМЈЛК при УКИМ) на овој престижен универзитет. Сите тие се дел од убавата приказна на 50 години македонистика на Ломоносов.

В. Мојсова-Чепишевска (Скопје, РС Македонија)

Учењето македонски јазик нека биде забавно и достапно за сите деца

Апстракт: Трудот е насочен кон два проекта «Мојата прва библиотека» од Деспина Мукоска и «Правопис за деца» од Кристина Дукоска кои го олеснуваат учењето и го поттикнуваат читањето на македонскиот јазик.

«Мојата прва библиотека» од Деспина Мукоска, како исклучително креативна и педагошки убаво осмислена техника, го олеснува самиот чин на совладување на читањето. Понудените книги (31 колку што има букви во македонската азбука) ќе му помогнат на детето да научи да чита, да почне и самото да ги прочитува и осознава и спознава слики, да ги чита приказните, книгите врзани со секоја 31 буква, да го чита она што до пред извесно време му го читаше некој друг. И така низ игра да ги научи буквите и да го совлада читањето. Но и да почне да ужива во самото читање. И над сè да ја создаде својата прва библиотека.

«Правопис за деца» од Кристина Дукоска е повеќе од образовна платформа. Таа овој «Правопис за деца» го гледа како простор (физички и виртуелен) каде што децата се среќаваат со јазичните правила низ игра, приказни и интеракција. Нејзината мисија е да создаде материјали, да смисли активности и настани што ќе го направат учењето на правописот, на граматиката и на јазичната култура природен, радосен и значаен процес. Водена од љубовта кон мајчиниот јазик, почитта кон културното наследство и вербата во потенцијалот на секое дете, Дукоска создава содржини што го збогатуваат јазичното искуство уште од најмала возраст.

Клучни зборови: моја прва библиотека, читање, правопис за деца, јазичко искуство

V. Mojsova Chepishevska (Skopje, RN Macedonia)

Let learning Macedonian Be Fun and Accessible for All Children

Abstract: The work is focused on two projects “My First Library” (“Мојата прва библиотека”) by Despina Mukoska and “Spelling for Children” (“Правопис за деца”) by Kristina Dukoska that facilitate learning and encourage reading in the Macedonian language.

“My First Library” by Despina Mukoska, as exceptionally creative and pedagogically well-designed, facilitates the very act of mastering reading. The offered books (31, as many as there are letters in the Macedonian Cyrillic alphabet) will help the child learn to read, to start reading and recognizing and understanding pictures on their own, to read stories, books related to each of the 31 letters, to read what someone else read to them some time ago. And so, through play, to learn the letters and master reading. But also to start enjoying reading itself. And above all, to create their first library.

“Spelling for Children” by Kristina Dukoska is more than an educational platform. She sees this “Spelling for Children” as a space (physical and virtual) where children encounter language rules through play, stories and interaction. Her mission is to create materials, devise activities and events that will make learning spelling, grammar and language culture a natural, joyful and meaningful process. Driven by love for the mother tongue, respect for cultural heritage and belief in the potential of every child, Dukoska creates content that enriches the language experience from an early age.

Key words: my first library, reading, spelling for kids, language experience

1. ДЕТСКАТА АВАНТУРА НА ЧИТАЊЕ КНИГИ СО «МОЈАТА ПРВА БИБЛИОТЕКА»

Книгата ја воспоставува естетската комуникација преку која детето емоционално се описменува, а тоа значи **книгата ја всадува љубовта кон вистината и љубовта кон луѓето**. И ние со сета сила треба да го упатуваме нашето дете кон таа книга, да го научиме како да сака, како да се сака и како да ја (за)сака самата книга. Тоа значи дека ние мораме да мислиме на нашите идни читатели. Учењето на самите букви е забавно, но учењето на читањето на буквите, на следењето, лизгањето по буквите може да стане малку помалку забавно. Некогаш може да стане и напорно, па и вознемирувачко и разочарувачко за некое дете.

Деспина Мукоска внимателно го осмислува својот концепт за книги онолку колку што има букви во македонската азбука. Тргнувајќи од некои свои сознанија стекнати во текот на долгогодишната пракса и низ обуките на сериозни лиценцирани меѓународни семинари и школи (поддржани од нејзиното матично основно училиште НОВА) создава 31 книга (**мала** по форма, но исклучително **голема** по значење). Секоја книга е составена од зборови / реченици што се повторуваат и така го промовираат **мотивот на повторливост**, кој пак од своја страна претставува проверена и издржана меѓународна техника, но и на онаа позната мисла: «Повторувањето е мајка на знаењето». Таа техника на младиот читател му создава чувство на успех во првите обиди да чита т. е. да ги открива / препознава буквите и зборовите.

Една од педагошките цели е **младиот читател да добие чувство дека прочитал книга** (не збор, не реченица, не текст, не четиво), а следствено и мотивација да продолжи со читање на наредната книга. Секоја книга, 31 на број, нуди добро обмислена игра на зборови, едно претопување на случки, ситуации во кои детето може да се (с)најде. Некои од нив отвораат и мала животна тајна проткаена со игриви нијанси и скоро секогаш оптимистички перспективи. Самите книги поточно текстовите на книгите не го следат азбучниот редослед, туку редоследот по коишто се изучуваат буквите, секако имајќи ги предвид актуелни буквари, кои сè уште го следат редоследот посочен во методскиот приод на проф. д-р Ѓорѓи Делчев. Овој приод на Мукоска му овозможува на **младиот (неискусниот) читател** да биде во постојан континуитет со читањето додека трае целосниот процес на почетно описменување и полесно, но и побрзо да стане **вешт читател**.

Авторката е крајно креативна во изборот на текстуалните решенија. Тие се мали раскази / приказни кои го запазуваат принципот «снежна топка». Тоа значи дека текстовите започнуваат преку еднасложни зборови и соодветни слики, а потоа од книга во книга нараснуваат постепено преку чинот на вклучување прости двосложни, а потоа и сложени двосложни и повеќесложни зборови. Така започнува **авантурата на читање книги** (чија успешност се потврдува преку понудениот мотивациски пакет како дел од овој сет за почетно читање). А во овој случај книгите се читаат по редослед започнувајќи од книгата бр. 1 па сè до бр. 31, од првата до последната! Така зборовите треба да почнат да се трклаат и, тркалајќи се, да нараснуваат, да пораснуваат така како што нараснува една снежна топка кога започнува да се тркала од некоја височинка и така како што пораснува едно дете на својот пат од првото изговорено зборче и реченица до првото прочитано зборче

и реченица. Книгите се читаат и исчитуваат, а детето скоро несвесно ја создава **својата прва библиотека**, ја исполнува својата прва полица со 31 книга. А знаеме дека библиотеката е простор во кој се наталожува книжевното и уметничкото искуство низ вековите. Така што ненаметливото внесување на библиотеката од страна на Деспина Мукоска кореспондира со Борхесовата идеја за **Библиотеката што во себе ќе го подреди светот** и за **бескрајната Книга што ќе ги внесе во себе сите книги**.

Како најголем грев во литературата за деца се посочува нејзината дидактичност / поучноста, но таа, самата за себе, не е воопшто лошо обележје особено ако е наменски поставена како во овој случај. Имено, на крајот од секоја книга постои **страница за активност на читателот**. Оваа страница има забавен карактер (но тоа е само на прв поглед, зашто зад забавниот карактер се крие ненаметливо неопходната дидактика) и во почетните книги нуди развивање на визуелизацијата на читателот, како и на фините моторни вештини преку цртањето и боењето. Постепено оваа страница се приближува и кон барањата врзани со наставната програма.

«Мојата прва библиотека»[1] од Деспина Мукоска, како исклучително креативна и педагошки убаво осмислена техника, го олеснува самиот чин на совладување на читањето. Понудените книги ќе му помогнат на детето да научи да чита, да почне и самото да ги прочитува и осознава и спознава слики, да ги чита приказните врзани со секоја 31 буква, да го чита она што до пред извесно време му го читаше некој друг. И така низ игра да ги научи буквите и да го совлада читањето. Но и **да почне да ужива во самото читање**[2].

2. РАЗВИВАЊЕ НА ДЕТСКАТА ЉУБОВ КОН МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК СО «ПРАВОПИС ЗА ДЕЦА»

Како лингвист по професија и родител «по дома», Кристина Дукоска, која е овластен лектор и јазичен редактор, секојдневно се среќава со предизвикот кој е најдобриот начин детето да го совлада мајчиниот (македонскиот) јазик, со сите негови богатства, правила и убавини. Преку тој личен процес, сфаќа колку малку ресурси постојат што им се приспособени на децата, а уште помалку такви што ја пренесуваат суштината на македонскиот јазик, со сите правописни и граматички особености, на начин што е и едноставен и привлечен за едно дете. Токму од ова сознание се раѓа нејзиниот најголем личен проект – «Правопис за деца», кој за кратко време станува бренд меѓу родителите, но и самите деца.

«Правопис за деца» е повеќе од образовна платформа. Дукоска овој «Правопис за деца» го гледа како простор (физички и виртуелен) каде што децата се среќаваат со јазичните правила низ игра, приказни и интеракција. Нејзината мисија е да создаде материјали, да смисли активности и настани што ќе го направат учењето на правописот, граматиката и на јазичната култура природен, радосен и значаен процес. Водена од љубовта кон мајчиниот јазик, почитта кон културното наследство и вербата во потенцијалот на секое дете, Дукоска создава содржини што го збогатуваат јазичното искуство уште од најмала возраст[3].

Во април 2025 се организираше работилницата «Крушата под круша паѓа», во чиј фокус беше **македонската фразеологија**. Целта на **работилницата «Круша-**

[1] Види: https://www.literatura.mk/slikovnici/49813-mojata-prva-biblioteka-komplet (посетено на 14.10.2025); https://www.youtube.com/watch?v=GvVdfuYFw9s (посетено на 14.10.2025).

[2] Види: https://zenskimagazin.mk/noviot-vospitno-obrazoven-komplet-mojata-prva-biblioteka-od-despina-mukoska-ja-pottiknuva-ljubovta-na-decata-kon-chitanjeto?desktop=true (посетено на 14. 10. 2025).

[3] Посети го: https://www.instagram.com/pravopiszadeca/ (посетено на 14.10.2025).

та под круша паѓа», одржана на 4 април 2025 во галеријата «Метаноја» во Скопје, е децата да се запознат со богатството на македонската фразеологија преку еден поинаков, креативен и мултисензорен пристап. Оваа работилница била наменета за деца на возраст од 4 до 8 години, како и за нивните родители, кои заедно учествуваат во 90-минутно истражување на светот на фразеологијата – оној дел од јазикот што не се учи напамет, туку се чувствува, се игра и се разбира со срце. «Преку креативни изработки и сетилни вежби, децата научија како да ги разликуваат буквалните од преносните значења. На тој начин, ги развиваа вештините за интерпретација, асоцијација и комуникација, кои се особено значајни за јазичниот развој на оваа возраст. Работилницата беше внимателно осмислена како учење преку игра, односно наместо еднонасочно предавање, децата стануваат активни учесници и истражувачи. Родителите коментираа дека за првпат и тие почнале да размислуваат што всушност значат изразите што ги користеле цел живот, а никогаш не помислиле како да им ги објаснат на децата. Работилницата им понуди алатки како да го пренесат јазичното и културно наследство на разбирлив начин. Децата си отидоа дома со свои изработки, нови зборови во речникот и, најважно, **чувство дека јазикот не е здодевен**, туку е жив и возбудлив. Со оглед на тоа што за реализација на работилницата користевме вистинско овошје и зеленчук, работилницата заврши со буквално "консумирање на фразеолошките изрази", односно дегустација на здравите ужинки што ги направивме», вели Кристина Дукоска.

Во мај 2025 во чест на Денот на македонскиот јазик (5 мај), во соработка со едукативниот центар «SmartLab», Дукоска организира работилници на кои децата учеа за правилната употреба на големата и малата почетна буква **под наслов «Учиме денови, датуми и празници»**, инаку наменета за деца на возраст од 7 до 12 години. «Поводот не е само симболичен – да се прослави денот кога на 5 мај 1945 година е официјализирана македонската азбука, еден од важните чекори кон кодификацијата на македонскиот јазик. Преку внимателно осмислени активности, децата не само што се запознаа со оваа значајна историја туку и ја поврзаа со практично знаење за правилната употреба на големата и на малата почетна буква», вели Дукоска.

Со тимот на «Зборци»[1] на 17 мај 2025 се организира креативна работилница за создавање неологизми, чија замисла е децата да измислуваат нови зборови и на тој начин да се запознаат со зборообразувањето. А на 7 јуни 2025, во Градската библиотека «Браќа Миладиновци», во чест на Денот на македонскиот правопис (7 јуни), се одигра голем едукативен настан со кој се одбележа 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот јазик.

Покрај работилниците, во подготовка е и нејзината прва книга (книга-сликовница, книга-читанка, книга-граматика), која ќе биде и **прв водич и практикум по македонски правопис наменет токму за најмладите**. Кристина Дукоска работи и на развој на **едукативни правописни игри**, кои се надевам дека многу скоро ќе излезат во продажба.

[1] «Зборци» се млади ентузијасти, зборољупци, здружение кое има за цел да создава и промовира нови зборови во македонскиот јазик. Корените на «Зборци» се во веќепостоечка идеја од 2014 година иницирана од Огнен Чемерски (преведувач), Румена Бужаровска (авторка), Илина Јакимовска (антрополог) и Татјана Ефтимовска (лектор). Иницијативата стана повторно актуелна благодарение на Игор Антов и Виктор Бучковски и сите зборољупци. «Зборци» на нивниот инстаграм профил «Зборци», споделуваат и промовираат збор на неделата. Секој што ги следи може да помогне во изборот со нови предлози. Целта на «Зборци» е преку настани од различлен вид, да се популаризираат новите зборови. Види: https://portret.digital/zborczi-borczi-za-stari-i-novi-makedonski-zborovi/ (посетено на 02.11.2025).

За сите овие активности таа ги користи своите сознанија како лектор и јазичен уредник, но притоа се инспирира и од «Монтесори», но и од други воспитно-образовни методологии што ги следи и ги практикува како родител, а кои се фокусираат на – учење преку игра, сетилно искуство и самостојно истражување. Зашто, кога учењето нуди радост и поддршка, знаењето се вкоренува длабоко. А «Правопис за деца» има една јасна цел – учење со љубов, преку јазикот што нѐ обединува.

ЛИТЕРАТУРА

https://www.literatura.mk/slikovnici/49813-mojata-prva-biblioteka-komplet (посетено на 14.10.2025).

https://www.youtube.com/watch?v=GvVdfuYFw9s (посетено на 14.10.2025).

https://zenskimagazin.mk/noviot-vospitno-obrazoven-komplet-mojata-prva-biblioteka-od-despina-mukoska-ja-pottiknuva-ljubovta-na-decata-kon-chitanjeto?desktop=true (посетено на 14.10.2025).

https://www.instagram.com/pravopiszadeca/ (посетено на 14.10.2025).

https://portret.digital/zborczi-borczi-za-stari-i-novi-makedonski-zborovi/ (посетено на 02.11.2025).

https://www.slobodenpecat.mk/intervju-so-kristina-dukoska-lektor-so-pravopis-za-deca-gi-motiviram-najmladite-da-se-zaljubat-vo-makedonskiot-jazik/ (посетено на 14.10.2025).

Сведения об авторе:

Весна Мойсова-Чепишевская,
доктор филол. наук
профессор
филологический факультет имени Блаже Конеского
Университет свв. Кирилла и Мефодия в Скопье

Vesna Mojsova Chepishevska,
Doctor of Philology
Professor
“Blaze Koneski” Faculty of Philology
“Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje

Весна Мојсова-Чепишевска,
доктор по филолошки науки
редовен професор
Филолошки факултет «Блаже Конески»
Универзитет «Св. Кирил и Методиј» во Скопје

vesnamojsova@hotmail.com
vesnamc@flf.ukim.edu.mk